РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број / Numer: 03-1915/1
28.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 15[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), во согласност со член 67 ставови 1, 7 и 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 13 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, одлучувајќи по Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување од Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.08-1327/2 од 27.3.2026 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-1838/10 од 27.4.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15 седница одржана на 27.4.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**1.** СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за промена на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-74 од 7.9.2023 г. на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА-АБ ДООЕЛ Скопје, во делот што се однесува на:

- структурата на емитуваната музика по жанрови односно наместо 100% македонска и жанровски различна народна музика, да емитува 90% жанровски различна забавна музика и 10% жанровски различна народна музика, и на
- структурата на музиката по јазик, односно наместо 100% на македонски јазик, структурата на музиката по јазик да биде 87% на англиски јазик, 8% на македонски јазик и 5% на други јазици.

**2.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

## Образложение

Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА-АБ ДООЕЛ Скопје (РАДИО РОСА), е имател на Дозвола за радио емитување Уп1 бр.08-74 од 7.9.2023 г., со важност до 4.1.2027 г. за емитување на регионално ниво, програмски сервис музичко – говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

Согласно член 67 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), форматот на програмскиот сервис на радиодифузерот (општ или специјализиран) и основните суштински насоки за работата на радиодифузерот се утврдени со програмски концепт. Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела. За промена или дополнување на програмскиот концепт врз основа на кој радиодифузерот ја добил дозволата за телевизиско или радио емитување, повеќе од 20%, радиодифузерот мора да добие претходна согласност од Агенцијата. Барањето за добивање на согласност се доставува на образец изготвен од страна на Агенцијата и објавен на нејзината веб страница. Програмскиот концепт врз основа на кој радиодифузерот ја добил дозволата за телевизиско или радио емитување, како и неговите промени или дополнувања се објавуваат на веб страницата на Агенцијата (член 67 ставови 6, 7 и 8 од ЗАВМУ).

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.248/18).

Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите наш арх.бр.01-5776/1 од 21.11.2014 г., музичко говорно радио од општ формат (каков што е постојниот формат на програмскиот сервис на РАДИО РОСА) треба да содржи над 5% до 15% говорни содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица. Дополнително, емитуваната музика треба да биде од различни видови и музички жанрови.

Според програмскиот концепт кој е составен дел на Дозволата за радио емитување Уп1 бр.08-74 од 7.9.2023 г., учеството на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица кај РАДИО РОСА треба да биде 5.40%, вкупно емитуваната музика во текот на една седмица треба да биде составена од различни жанрови народна музика, и да се емитува на македонски јазик.

На 27.3.2026 г., РАДИО РОСА, согласно член 67 став 7 од ЗАВМУ, на пропишаниот образец, поднесе Барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување наш арх.бр.08-1327/1 од 27.3.2026 г., и тоа за промена на програмскиот концепт во однос на структурата на емитуваната музика по жанрови и по јазик. Од страна на радиодифузерот, образложено е дека причините за бараната промена на програмскиот концепт биле потребата за прилагодување кон современите медиумски трендови, економските реалности и променливите навики на слушателите, со цел радиото да остане конкурентно, релевантно и пазарно одржливо.

По разгледување на предметното барање од РАДИО РОСА, надлежниот сектор констатираше дека радиодифузерот повторно ќе биде во рамки на пропишаното со Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите за музичко говорно радио од општ формат, затоа што учеството на говорните содржини во вкупно емитуваната седмична програма ќе остане над 5% до 15%, а емитуваната музика ќе биде во рамки на барањето да биде составена од различни видови и музички жанрови (ќе емитува различни жанрови народна и забавна музика).

Имајќи го предвид сето погоренаведено, а со оглед дека Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување од РАДИО РОСА (наш арх.бр.08-1327/1 од 27.3.2026 г.) е согласно член 67 став 7 од ЗАВМУ, д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-1327/3 од 22.4.2026 г., за донесување на одлука со која се дава согласност за промена на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-74 од 7.9.2023 г. на РАДИО РОСА, во делот што се однесува на структурата на емитуваната музика по жанрови и по јазик, односно наместо 100% македонска и жанровски различна народна музика, да емитува 90% жанровски различна забавна музика и 10% жанровски различна народна музика, а според јазикот, наместо 100% на македонски јазик, структурата на музиката по јазик да биде 87% на англиски јазик, 8% на македонски јазик и 5% на други јазици.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 15 од ЗАВМУ, во согласност со член 67 став 1, 7 и 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 13 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одлучувајќи по Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување од Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.08-1327/2 од 27.3.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1838/10 од 27.4.2026 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје;
2. Управителот на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА – АБ ДООЕЛ Скопје;
3. Сектор за програмски работи;
4. Сектор за правни работи и јавни набавки;
5. Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1.